HUGO BOSS

# КОДЕКС ЗА ОДНЕСУВАЊЕ НА ДОБАВУВАЧИ

**HUGO BOSS е компанија посветена на почитување на човековите права и заштита на животната средина! „Кодексот за однесување на добавувачи“ на HUGO BOSS ја регулира соработката со добавувачите на HUGO BOSS и особено како да се постапува со вработените, односно вас. Во следниве делови ќе најдете преглед на вашите права и слободи кои вашиот работодавач мора да ви ги загарантира. Имате право да го прочитате целосниот „Кодекс за однесување на добавувачи“ и вашиот работодавач мора да ве обучи околу проблемите што се опфатени со него. Ако имате поплаки, нејаснотии или прашања, може да контактирате со HUGO BOSS директно во секое време. Со задоволство ќе ви помогнеме!**

### ДОСТОЈНИ РАБОТНИ УСЛОВИ
Како вработено лице имате **право да бидете третирани со почит** на **работното место**. Вашите достоинство, приватност и личност не смее да се повредат.

### ЗАБРАНЕТА Е ДЕТСКА РАБОТНА СИЛА
Децата не смеат да работат! **Како вработено лице** мора да имате **најмалку 15 години** и да сте го завршиле задолжителното образование.

### ЗАБРАНЕТА Е ПРИНУДНА РАБОТНА СИЛА
Како вработено лице **имате слобода да изберете дали ќе работите овде** и да не плаќате за да работите. Никој не смее да ве принуди да работите овде или каде било против вашата волја. **Можете да го прекинете работниот однос** во секое време **со претходно известување за тоа**. Вашите лични документи се во ваша сопственост.

### СЛОБОДА НА ЗДРУЖУВАЊЕ И КОЛЕКТИВНОСТ
Како вработено лице можете да се **придружувате на работнички организации** и **да основате работнички организации**. Можете да преговарате за работните услови, особено за платите и никој не може да ве казни за тоа.

### ПОЧИТ И ДОСТОИНСТВО
Како вработено лице имате **право да бидете третирани фер и еднакво** без разлика на вашата возраст, пол, род, боја на кожа, сексуална ориентација, ментален или физички хендикеп, потекло, националност или раса, верување или светоглед, политичко мислење, членување во синдикална организација или други лични карактеристики. **Никој нема право сексуално да ве вознемирува, допира или навредува**. Истото важи и за вербалното или менталното вознемирување.

### РАБОТНО ВРЕМЕ
Во една **нормална работна недела** не треба **да работите повеќе од 48 часа**. Ако работите **прекувремено**, **тоа не смее да биде повеќе од 60 часа** во неделата. Мора доброволно да се согласите да работите прекувремено и да добиете надоместок за тоа. Имате право на барем еден слободен ден неделно.

### ФЕР НАДОМЕСТОК
Како вработено лице мора да бидете платени **најмалку** со **законската минимална плата** во регулирана работна седмица. Имате право и на законски барања за посебни бенефиции, како боледување или породилно.

### БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ
Вашиот **работодавач е одговорен** да **ги загарантира вашите безбедност** и **здравје на работното место**, (на пример, кои може да се влошат поради слабо осветлување или бучава.) **Тоалетите** мора да се одржуваат чисти и да бидат **поделени за мажи** и **жени**. **Можете да отидете во тоалет во секое време** и вашиот работодавач нема право да ви го забранува или регулира тоа. Имате право на заштитна опрема ако вашата работа го налага тоа.

### ДЕЛОВНА ЕТИКА
HUGO BOSS **очекува сите добавувачи да се усогласени со националните закони** и **меѓународните применливи стандарди**. Забранети се измами, корупција и давање на несоодветна предност од секаков вид.

### ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА
**Загадувањето на средината** предизвикано од деловните активности **треба да се намали**. Во најмала рака, мора да постои усогласеност со еколошките закони и регулативи. Природните ресурси треба да се користат одржливо и ефикасно. **Заштитата на луѓето, животните и животната средина има предност**.

### Механизам за поднесување поплаки
Дали имате **поплаки** или **прашања** за вашите **права**, **работни услови или човекови права?**
Користете го **независниот и бесплатен систем за свиркачи на HUGO BOSS.** Системот за свиркачи е отворен за сите! Со вашето барање ќе се постапува доверливо.

Скенирајте го QR-кодот за да ги добиете деталите за контакт (на различни јазици):

на следниов линк:
Speak Up Channel (convercent.com)

Македонија:
**0800 93894**

© 2021 HUGO BOSS